ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Социјалдемократски сојуз на Македонија

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извешти се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите и трансакциите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
За дел од градежните објекти, наследени од правниот субјект претходник на партијата не е решен сопственичкиот статус и истите не се воведени во евиденција.
Средствата за членарина од секоја општинска организација во вкупен износ се уплатува директно на трансакциската сметка на партијата, поради што не се обезбедува целосен увид и потврдување во поединечно уплатените средства за членарина.

**Издадено мислење/заклучок*:** (жолто)

Изразивме мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
Продолжување со активности за утврдување на сопственоста на објектите кои се користат и нивно евидентирање.
Доуредување на начинот на прибирање, уплата и известување за поединечните износи на средства по основ од членарина.

**Клучни системски слабости:**
Да се преиспита законската одредба во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка; допрецизирање во делот на донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства, измена и дополна на подзаконските акти со кои се уредува начинот на водење на сметководството на непрофитните организации и регулирање на начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Добиени се Забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор при што оценето е дека истите претставуваат известување.

**Одговор на добиени забелешки:**
Одговорот на забелешките е даден во прилог на овој Конечен извештај.

* (зелено) **позитивно,** (жолто) **со резерва,** (црвено) **неповолно,** (црно) **воздржување**

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018